ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:35-167/9**

**Дата: 03.09.2012**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Предмет на Конечниот извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за правда- сметка на основен буџет - 637 за 2011 година.
Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за правда за 2008 година.
Поради значењето на прашањата изнесени во извештајот, не е изразено мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, а во однос на законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година, изразено е мислење со резерва.
Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година делумно се спроведени.
Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2011 година, поради нереално прикажување на позициите материјални средства и материјални средства во подготовка, како резултат на неспроведени делбени биланси со органите кои стекнале статус на правни лица, и недоволно поткрепувачка документација за регулирање на имотно правен статус и преотстапување на објекти кои се во евиденција на министерството.

---

**Ревизорски тим:** | **Овластен државен ревизор**

*1.*___________________________ ________ _______________
*2.*___________________________
*3.*___________________________
*4.*___________________________

Изразено е мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, поради не разграничување на должностите и одговорностите во извршување на работните задачи како резултат на некомплетна раководна структура потребна за воспоставување на целосен контролен систем за следење на успешноста на работењето, пополнување на работни места со авторски договори.

Исто така, утврдени се плаќања за судски решенија во вкупен износ од 6.053 илјади денари, како паричен надомест на лица неосновано лишени од слобода, кои бараат надомест на штета од Република Македонија. Најголем дел од поднесените барања се од лица со определена мерка притвор, бидејќи нивните решенија не содржат доволно и соодветно образложение за правните причини поради кои им е определена мерката притвор. Иако со измените на Законот за судовите, предвидено е Република Македонија по пат на тужба да бара судијата, кој сторил штета и е разрешен, да го врати износот на исплатената штета во висина што ќе ја определи судот, до денот на ревизијата државата не покренала тужби за враќање на исплатените штети.

Имајќи предвид дека финансирањето на политичките партии се спроведува преку Министерството за правда, ревизијата укажува на потребата од преиспитување на одредбите од Законот за финансирање на политичките партии со кои се регулира висината на средствата и правото на партиите да ги користат, со цел да се обезбеди јасна, и недвосмислена основа за реално утврдување на средствата наменети за финансирање на политичките партии.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за правда – сметка за редовно работење кои се состојат од Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите на Министерството за правда – сметка за редовно работење за 2008 година во кој за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи не е изразено е мислење, а во однос на законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи изразено е мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Михајло Маневски, министер за правда до 04.08.2011 година,
- Блерим Беџети, министер за права од 04.08.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерни контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на разумни сметководствени проценки во дадените околности.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, во сите материјални аспекти.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Министерството за правда–

сметка за редовно работење се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

**2. Цел и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во согласност со применливата рамка за финансиско известување, во сите материјални аспекти.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, во сите материјални аспекти.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на

овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2012 до 31.05.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор утврдено е следното:

- Остварени се две нови вработувања на лица кои се назначени за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, со што, обезбедено е квантитативно и квалитативно следење на испораката на договорените производи и услуги во договорениот рок.
- Се води евиденција на залихите на материјали и ситен инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план,
- Воспоставен е контролен механизам за финансиското работење и редовно се врши внатрешна контрола на финансиските трансакции и сметководствената документација.
- Во сметководствената документација воведено е земјиштето кое со Одлука на Владата на РМ е дадено на користење на Министерството за правда.
- Врз основа на Одлука на Владата на РМ, за давање на трајно користење на движни ствари без надомест, извршено е преотстапување на принтери и компјутери на судовите и јавните обвинителства и извршена е соодветна сметководствена евиденција.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството за правда – предмет на ревизија на 28.05.2012 година.

Од страна на Министерството за правда не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Со Правилникот за систематизација на работните места утврдени се раководни работни места, но поради тоа што не се пополнети во целост, а

работните обврски ги извршуваат други државни службеници, ревизијата констатира дека не постои соодветно разграничување на должностите и одговорностите во извршување на работните задачи. Имено:

- Дваесет работни места во Секторот за координација на работите на министерот не се пополнети, а истиот функционира со лица ангажирани со авторски договори, спротивно на Законот за државни службеници.
- Во Секторот за финансиски прашања предвидено е одделение за јавни набавки, со што раководното лице на секторот кое е овластено од министерот, да од една страна има должност за плаќање, а од друга страна одговорност за преземање финансиски обврски. Со тоа настанува конфликт на интереси спротивно на одредбите од Законот за јавна финансиска контрола и членот 13 од Правилникот за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања.

Имајќи предвид дека Правилникот за систематизација на работните места е акт со кој треба да се утврди бројот на работни места потребни за извршување на надлежностите на Министерството за правда, се доведува во прашање сообразеноста на работните задачи и работните места. Ревизијата смета дека, во отсуство на раководни структури не може во целост да се следи успешноста на работењето и да се стекне уверување дека секој учесник во системот ги исполнува своите работни задачи на начин како што е предвидено, поради што постои голема веројатност од отстапување на контролните постапки, односно се доведува во прашање ефективното функционирање на истите во практиката.

**Препорака**

Во функција на подобрување на општото контролно опкружување и ефикасноста во работењето и јакнење на човечките ресурси, да се обезбеди:

- сообразеност на работните места и работните задачи,
- разграничување на должностите и одговорностите,
- потребните човечки ресурси да се обезбедуваат со целосна примена на одредбите од Законот за државни службеници.

4.1.2. Министерството за правда, не извршило ажурирање на Стратегијата за информатичко комуникациска технологија за правосудството 2007-2010 година и нема пропишано и донесено документ за сеопфатна ИТ безбедност, како и политики и процедури со кои се регулираат сигурносните мерки за заштита на информациониот систем. Со тоа од една страна се оневозможува управување со ИТ ресурсите во линија со приоритетите за развој на министерството, а од друга страна мала е веројатноста за разбирање на ИТ можностите, недостатоците, идентификување на капацитетите и човечките

ресурси. Наведеното не е во согласност со најдобрите пракси и меѓународни стандарди, според кои стратегиите се оперативни пристапи со коишто раководството планира да ги постигне своите цели и да ги дефинира намерите за целосна примена на информатичката и комуникациската технологија.

**Препорака**

Раководниот орган на Министерството за правда да преземе мерки за ажурирање на ИТ стратегијата за развој на информациониот систем и пропишување на безбедносни политики и процедури.

4.1.3. Поради неможноста за надградба на постојниот апликативен софтвер за финансиско – материјални работи, составен од: модул за плата и персонални податоци, модул за финансиско сметководство, модул за материјална евиденција и модул за попис, кој што Министерството за правда го користи од СОЗР, во 2008 година набавен е дополнителен апликативен софтвер за трезорско работење и евиденција и следење на буџетот. Набавениот софтвер поставен е на локална машина / персонален компјутер - сервер, иако во Министерството постои ИТ центар со сервери на кои се прави заштитна копија. Поставеноста на податоците на локални машини, односно неинтергираноста на целиот систем за финансиско – материјални работи, не е во согласност со најдобрите пракси во оваа област, како и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Исто така, ревизијата укажува дека наведената состојба ја намалува можноста за ефикасна заштита на информациониот систем, чување на податоците, точност и веродостојност на записите, пристап до доверливи податоци и подобрување на целосната институционална ефикасност.

**Препорака**

Раководниот орган на Министерството за правда да преземе мерки за поставување на податоците на сервер со што би се овозможило правење на редовна резервна копија. Во идните планови за развој на ИТ да се внесат и нови технологии.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Со увид во документацијата ревизијата констатира дека министерот за правда склучил авторски договори со шест лица за следните активности:

- Советување во областа на правото
- Придружување на министерот

- Координација на работа на министерството
- Координација на работата на министерството со медиумите
- Асистирање за протоколарни работи
- Координатор

Ревизијата констатира дека лицата ангажирани со авторски договор извршуваат дел од активностите предвидени за Секторот за координација на работите на министерот – кабинет на министерот.

Со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда за овој сектор предвидени се 21 работно место, од кои пополнето е само работното место на техничкиот секретар. Работните задачи за останатите дваесет работни места ги извршуваат лицата ангажирани со авторски договори. Од извршениот увид на документите, ревизијата не се увери дека договорите се склучени со лица кои имаат соодветно образование и потребно искуство предвидено со Правилникот за систематизација на работните места.

Ревизијата укажува дека склучувањето авторски договори за споменатите активности не е во согласност со Законот за авторски права, со кој поимот авторско дело е дефиниран како интелектуална и индивидуална творба од областа на науката, уметноста и книжевноста, изразена на било кој начин и форма. [1]

Исто така, во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда, предвидено е државните службеници да се вработуваат и распоредуваат согласно критериумите и условите утврдени во Законот за државни службеници, согласно кој, вработувањето во државна служба треба да се спроведува низ транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност, односно, со објавување јавен оглас, интерен оглас, со преземање на државен службеник од еден во друг орган на работно место со исто звање, или со распоредување на државен службеник во истиот орган на друго работно место.

Ревизијата констатира дека лицата ангажирани со авторски договор:

[1] За авторско дело се смета особено:

- пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
- компјутерска програма, како пишано дело;
- говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);
- музичко дело, со или без текст;
- драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело;
- фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;
- аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);
- дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);
- дела од архитектурата;
- дела од применетата уметност и дизајнот и
- картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.

Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со овој закон.

- уживаат права и привилегии утврдени за избрани и именувани лица,
- доверени им се раководни работни задачи, спротивно на Законот за државни службеници.
- доверени им се редовни работни задачи, а имаат помала одговорност во однос на вработените на неопределено време
- стекнуваат искуства стручни знаења и конкурентска предност при постапка за вработување на неопределено време.

Ангажирањето на лица со авторски договор остава простор за субјективно одлучување и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото , секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.
Обврските на Министерството за правда по основ на споменатите договори, за период од четири месеци изнесуваат 619 илјади денари.

### 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Со извештајот на пописната комисија за попис на средства и обврски во управната зграда на Министерството за правда и Информатичкиот центар за 2011 година, утврдено е дека на пописот не се идентификувани 89 Greatwall компјутери кои се преотстапени од Министерството за економија преку Министерството за правда на судови и обвинителства. Одлуките за трајно преотстапување се објавени во Службен весник на РМ бр.164/11, но не се реализирани, бидејќи договорите не се потпишани од страна на Министерството за економија. Компјутерите се воведени во вонбилансна евиденција на Министерството за правда со набавна вредност од 3.204 илјади денари. Поради наведените состојби не може да се спроведат соодветни книжења за отпишување на истите од вонбилансната евиденција.

**Препорака**:

Министерството за економија да ги потпише договорите за преотстапување на движни ствари и уредување на правата и обврските за движните ствари, со цел компјутерите да се отпишат од вонбилансната евиденција на Министерството за правда и да се воведат во евиденција на судовите и обвинителствата.

4.3.2. Поради отсуство на делбени биланси на Министерството за правда со органите: Управа за извршување на санкциите, Управа за водење на матични книги, Државна изборна комисија и Државен управен инспекторат, ревизијата констатира збирно прикажување на позицијата основни

средства во износ од 826.779 илјади денари, од кои вредноста на основните средства со кои располага Министерството за правда изнесува 347.530 илјади денари. И покрај тоа што со измените и дополните на законската регулатива, наведените органи имаат статус на правни лица со пренесени надлежности и превземени вработени, се уште користат инвентар што е во сметководствената евиденција на Министерството за правда. Согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи[2], од страна на Министерството за правда изготвени се предлог одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари, кои понатаму Владата на РМ треба да ги усвои.

**Препорака**:

Со цел средствата во финансиските извештаи на Министерството за правда реално да се искажат, да се интензивираат активностите за донесување на предлог - одлуките за престанок и давање на трајно користење на движни ствари.

4.3.3. Со извршениот увид во сметководствената и градежната документација ревизијата констатира дека позицијата Градежни објекти во вредност од 518.670 илјади денари не е реално и објективно прикажана, бидејќи во евиденцијата на Министерството за правда воведен е објект за кој министерството не располага со комплетна документација, која согласно Законот за катастар на недвижности е неопходна за упис на објектите во Агенцијата за катастар на недвижности (главен проект, локациски услови, протокол, урбанистичка согласност за објекти). Постапувајќи по препораката од Конечниот ревизорски извештај за 2008 година, Министерството за правда, спровело јавна набавка за користење на услуги за изработка на геодетски елаборат со нумерички податоци за земјиштето и изработка на геодетски елаборат за етажен премер на деловните простории (Врховен суд на РМ, Основен суд 2-Скопје) и располага само со геодетските елаборати. Останатата документација (главен проект локациски услови, протокол и урбанистичка согласност) Министерството за правда ја побарало од Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ, Државниот архив на РМ и Судскиот буџетски совет, од кои е известено дека не располагаат со бараната документација.

[2] [2] Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, Сл.весник на РМ 8/05, 150/07 и 35/11

**Препорака:**

Министерството за правда да ја информира Владата на РМ за настанатата состојба, и да ги преземе активностите за кои Владата на РМ ќе донесе одлука.

Да се воведе вонбилансна евиденција за позицијата згради –висок дел суд 1 со цел реален приказ на позицијата Градежни објекти, се додека не се обезбеди документација за воведување на оваа позиција во сопствена евиденција.

4.3.4. Со увид во Билансот на состојба и во сметководствената документација ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на позицијата материјални средства во подготовка во вкупна вредност од 104.757 илјади денари од следните причини:

- Поради отсуство на комуникација и достава на информации од страна на Апелационен суд Битола и Основен суд Велес до Министерството за правда за превземените постапки за проценка на градежните објекти, за извршени градежно - занатски работи спроведени од страна на Министерство за правда, (реконструкција на објекти и изведба на градежни работи за адаптација на судовите Апелационен суд Битола и Основен суд Велес), кои се завршени во периодот 2002 - 2007 година и истите се ставени во употреба и се пресметува ревалоризација и амортизација без притоа да биде обезбедено поткрепувачка документација за да се изврши пренос на истите од сметководствената евиденција на МП каде истите во моментот на ревизија се водат како материјални средства во подготовка. Наведената состојба не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

- Реконструкцијата на објектот КПД Идризово, се уште се води како материјални средства во подготовка во сметководствената евиденција на Министерството за правда и за истата се пресметува ревалоризација во вкупен износ од 7.961 илјади денари што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство. Ваквата состојба е предизвикана поради тоа што КПД Идризово нема утврден имотно правен статус. Од страна на КПД Идризово има доставено барање за легализација - стекнување на имотно правен статус на КПД до Министерство за транспорт и врски на Република Македонија но за истите нема обезбедено средства во буџетот на КПД.

Во текот на ревизијата одговорните лица започнаа активности за корекција на пресметката на ревалоризација и амортизација на Апелационен суд Битола, Основен суд Скопје и КПД Идризово.

**Препораки**:

Да се воведе вонбилансна евиденција за инвестициите во тек - Апелационен суд Битола и Основен суд Велес ;

Со цел реално прикажување на позицијата инвестиции во тек, да се обезбеди потребната документација (одобрение за употреба, завршен извештај) на инвестициите во тек, и да се донесе одлука за преотстапување на Основен суд Велес и Апелационен суд Битола.

Министерството за правда да пристапи кон спроведување на делбени биланси со органите кои стекнале правен статус. При спроведување на делбениот биланс со Управата за извршување санкции, во евиденција на Управата да се воведе КПД Идризово, имајќи ја предвид надлежноста на Управата.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.5. Од извршениот увид во документацијата и Билансот на приходи и расходи ревизијата констатира исплатени средства во износ од 4.488 илјади денари за електрична енергија на зградата во која се наоѓаат административните простории на Министерството за правда, Управата за извршување на санкции и Државниот управен инспекторат. Овие трошоци министерството за правда ги плаќа во вкупен износ и покрај тоа што еден кат од зградата користат споменатите органи. Во отсуство на договор за определување на процентуалното учество на трошоците кои произлегуваат од заедничкото користење на зградата, овие трошоци се преценети и се плаќаат од буџетот на Министерството за правда.

**Препорака**

Корисниците на административниот простор да се договорат за трошоците кои произлегуваат од заедничкото користење.
Во буџетите на сите корисници кои користат простории во споменатата административна зграда, сразмерно да се предвидат средствата за оваа намена.

4.3.6. Од ставката други трансфери, ревизијата утврди плаќања по основ судски решенија во вкупен износ од 6.053 илјади денари, како паричен надомест на лица неоправдано лишени од слобода, кои по завршена судска постапка заради

оштетување бараат надомест на штета од Република Македонија. Имено, согласно Законот за Кривична постапка лицето кое поради грешка или незаконита работа на органот неосновано или незаконито е лишено од слобода има право на надоместок на штета.

Најголем дел од поднесените барања за надомест на штета[3] се од лица неосновано лишени од слобода со одредена мерка притвор. Ова се должи на нецелосната примена на законските одредби кои се однесуваат на мерката притвор. Имено, иако одредбите се изготвени во согласност со меѓународните стандарди, во пракса се наидува на одредени проблеми во нивната примена, односно се носат решенија кои не содржат доволно и соодветно образложение за правните причини за определена мерка притвор.

Имајќи предвид дека исплатата на средствата за надоместок на штета се зголемува од година во година[4], и тешко може да се предвиди и планира на ставката други трансфери, приоритетноста на извршувањето на судските решенија може да доведе до трошење на буџетски средства од други ставки, односно до ненаменско трошење на средствата предвидени за вршење на основната дејност на Министерството.

Со измените на Законот за судовите, предвидено е од судијата, кој заради сторена штета е разрешен, Република Македонија по пат на тужба да бара враќање на износот на исплатената штета во висина што ќе ја определи судот.

До денот на ревизијата државата не покренала тужби за враќање на исплатените штети.

**Препорака**

Со цел да се намали трошењето буџетски средства за исплата на лица кои бараат надомест на штета од Република Македонија, да се преземат мерки и активности за поефикасно функционирање на судските органи во согласност со домашната законска регулатива и праксата во Европскиот суд за човекови права.

При определување на мерката притвор, барањата на јавните обвинители и судските решенија по истите да содржат доволно образложение и аргументи за секој основ, осврнувајќи се за секој случај поединечно.

Да се применуваат одредбите од Законот за судовите, и да се воспостави пракса, судиите заради сторена штета да го враќаат износот на исплатената штета во висина определена од судот.

[3] Во текот на 2011 година до Министерството за правда поднесени се 69, од кои, 47 барања односно 68% се од лица неосновано лишени од слобода со одредена мерка притвор

[4] во 2011 година за оваа намена се исплатени 29% повеќе средства во однос на претходната година, а за 2012 планирани се 8.000 илјади денари односно 33% повеќе во однос на 2011

4.3.7. Ревизијата утврди исплата на средства во висина од 3.207 илјади денари по основ на договор за набавка на софтвер за управување со внатрешните процеси во Академијата за судии и јавни обвинители, без при тоа да бидат земени во предвид условите предвидени во одредбите од договорот, односно да се изврши едукација за примена на софтверот на најмалку 10 лица, издавање на сертификати, како и испорака на source code на ДВД медиум. Покрај тоа од страна на вработените во Академијата утврдени се недостатоци во примена на софтверот, поради што било неопходно надградување на истиот.

**Препорака**

При исплата на парични средства да се почитуваат одредбите на склучените договори.

4.3.8. Со увид во сметководствената евиденција и Билансот на приходи и расходи, утврдени се плаќања во вкупен износ од 3.690 илјади денари од ставката тековна резерва за намени кои што можеле да бидат планирани со буџетот на Министерството за тековната година. Имајќи предвид дека овие плаќања се исплаќаат по Одлука на Владата на РМ повеќе години наназад, односно може да се предвидидат, ревизијата смета дека нема основа средствата да се исплаќаат од тековна резерва, дотолку повеќе што, согласно Законот за Буџети одобрените средства во тековната резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

Ревизијата не се увери кој законски основ е критериум за доделување и исплата на овие средства. Со ваквата состојба не е исполнето начелото на транспарентност во трошењето на овие средства и намалена е можноста за користење на средствата за непредвидени случаи и елементарни непогоди.

**Препорака**

Со цел да се обезбеди рационално користење на буџетските средства, планирањето на расходите по ставки да се врши согласно Законот за буџети во согласност со буџетските начела за економичност, ефикасност, ефективност и транспарентност.

## 5. Ревизорско мислење:

5.1. Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.3.1, 4.3.2, 4.3.3 и 4.3.4, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Министерството за правда, на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

5.2. Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3.5, 4.3.6, 4.3.7 и 4.3.8, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност (кои не влијаат на мислењето)

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

6.1. Ревизијата не се увери дека Законот за финансирање на политичките партии обезбедува јасна, и недвосмислена основа за реално утврдување на висината на средствата наменети за финансирање на политичките партии. Имено,

- Во Законот за финансирање на политичките партии утврдено е вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии да изнесуваат 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на РМ, за секоја фискална година. Бидејќи не е прецизирано дали 0,06% треба да се пресметаат од вкупно планираните или од вкупно реализираните изворни приходи, ревизијата смета дека ваквото законско решение остава простор за субјективно одлучување и извршување на пресметката.

  За 2011 година, со Буџетот на РМ планирани се изворни приходи во износ од 138.401.000 илјади денари, а реализирани се 81.647.671 илјади денари. Во Министерството за финансии, раздел Функции на државата, за исплата по овој основ планиран е износ од 80.000 илјади денари, односно за 3.000 илјади денари помалку од износот што е резултат на законски предвидените 0,06%. Со ребалансот на Буџетот на РМ во септември 2011 година, овие средства во целосен износ се префрлени во разделот на Министерството за правда. Имајќи предвид дека до крајот на

годината изворните приходи се извршени во износ 81.647.671 илјади денари, средствата за финансирање на политичките партии за 2011 година треба да изнесуваат 48.988 илјади денари.

- Со увид во документацијата ревизијата се увери дека постојат различните толкувања за одредбата од Законот со која е дефинирано средствата за финансирање на политичките партии во износ од 30% да се распоредат на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од вкупниот број на гласовите на избирачите кои гласале на последните одржани избори за пратеници во Собранието на РМ или на последните одржани локални избори. Така, при пресметка на средствата за распределба по овој основ, земени се предвид политичките партии кои учествувале на последните одржани избори за пратеници (2011 година) и политичките партии кои учествувале на последните одржани локални избори (2009година).

  Ревизијата смета дека оваа одредба треба да се преиспита и јасно да се определи од кои последно одржани избори партиите стекнале право да се финансираат од буџетски средства.
- Со последните измени на Законот за финансирање на политичките партии, предвидено е средствата да се распоредуваат со решение на министерот за правда, а укината е одредбата министерот за финансии да донесе упатство за распределба на средствата. Ревизијата смета дека е неопходно да се донесе упатство и методологија за пресметка на средствата за финансирање на политичките партии.

Скопје 29.08.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | | 233.345 | 212.331 |
| **Вкупно приходи** | | **233.345** | **212.331** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | `3.2.1 | 89.739 | 131.555 |
| Резерви и недефинирани расходи | `3.2.2 | 3.690 | 3.690 |
| Стоки и услуги | `3.2.3 | 39.860 | 44.294 |
| Субвенции и трансфери | `3.2.4 | 80.450 | 7.715 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **213.739** | **187.254** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | `3.3.1 | 19.606 | 25.077 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **19.606** | **25.077** |
| **Вкупно расходи** | | **233.345** | **212.331** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | `4.1.1 | 195 | 10 |
| Активни временски разграничувања | `4.1.2 | 27.025 | 34.602 |
| Залихи | `4.1.3 | 130 | 0 |
| Аванси за капитални средства | `4.1.4 | 125 | 339 |
| **Вкупно тековни средства** | | **27.475** | **34.951** |
| **Постојани средства** | `4.2 | | |
| Нематеријални средства | `4.2.1 | 0 | 315.660 |
| Материјални добра и природни богатства | `4.2.2 | 315.660 | 0 |
| Материјални средства | `4.2.3 | 826.654 | 586.089 |
| Материјални средства во подготовка | `4.2.4 | 104.757 | 106.465 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.247.071** | **1.008.214** |
| **Вкупна актива** | | **1.274.546** | **1.043.165** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | `4.3.1 | 18.999 | 25.286 |
| Краткорочни финансиски обврски | `4.3.2 | 1 | 75 |
| Обврски спрема државата и други институции | `4.3.3 | 5 | 143 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | `4.3.4 | 8.020 | 9.098 |
| Пасивни временски разграничувања | `4.3.5 | 195 | 10 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **27.220** | **34.612** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | `4.4.1 | 1.105.022 | 952.787 |
| Ревалоризациона резерва | `4.4.2 | 142.304 | 55.766 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.247.326** | **1.008.553** |
| **Вкупна пасива** | | **1.274.546** | **1.043.165** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **692.893** | **315.660** | **1.008.553** |
| **Зголемување по основ на:** | **314.910** | - | **314.910** |
| Набавки | 6.995 | | 6.995 |
| Стекнувања без надомест | 3.581 | | 3.581 |
| Ревалоризација на капитални средства | 77.427 | | 77.427 |
| Останато зголемување | 226.907 | | 226.907 |
| **Намалување по основ на:** | **76.392** | - | **76.392** |
| Преотстапени постојани средства | 40.867 | | 40.867 |
| Расходување | 652 | | 652 |
| Амортизација | 15.223 | | 15.223 |
| Ревалоризација на капитални средства | 6.666 | | 6.666 |
| Останати намалувања | 12.984 | | 12.984 |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **931.411** | **315.660** | **1.247.071** |